04-8/19
09. 04. 2026 год.

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници ( Сл. весник на РСМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, бр. 11/18, 275/2019, 14/20 и 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот Јавен оглас број 147/2026 и Предлогот за вработување на кандидати бр. 10 - 121/11 од 01.04.2026 год., Директорот на ЈП "Билјанини Извори" - Охрид донесува

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување на административни службеници**
**по јавен оглас бр. 147/2026**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр. 147/2026 во ЈП Билјанини Извори - Охрид
1) За работно место КДР0102В02019 Виш соработник за правни работи и работни односи, Одделение за општи, правни работи и управување со човечки ресурси, Сектор за заеднички работи, 1 (еден) извршител , се избира кандидатот со идентификациски код 4105С8В , Антонио Кесковски.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од претходната точка по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По барањето за објавување на јавен оглас бр. 04 - 8/1 од 08.01.2026 год., поднесено од ЈП Билјанини Извори - Охрид до Агенција за администрација, на ден 19.02.2026 г. е објавен јавен оглас бр. 147/2026 на интернет страницата на Агенција за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Лајм и Вечер.
Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр. 10 - 121/6 од 05.03.2026 г., директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.
По спроведената постапка, Комисијата направи Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр. 10 - 121/7 од 06.03.2026 год., Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10 - 121/9 од 26.03.2026 год. и Записник од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10 - 121/10 од 31.03.2026 год.
Врз основа на резултатите од сите фази на селекција направена е конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување по јавен оглас 147/26 и истите се доставени до директорот на ЈП Билјанини Извори - Охрид.
Согласно предлогот за вработување по јавен оглас 147/26 бр. 10 - 121/11 од 01.04.2026 год. , а примен во ЈП Билјанини Извори - Охрид на 08.04.2026 год., директорот на ЈП Билјанини Извори - Охрид донесе одлука како во диспозитивот.
**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација. од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЈП Билјанини Извори - Охрид**
**Директор**
**Теодор Андоноски**

Доставено до:
- Архива
- именуваниот
- Одд. за општо, правни работи
и човечки ресурси
- Агенција за администрација